Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06,13/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а во согласност со Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 05/15 и 11/18)

Советот на Општина Велес на 67-та седница одржана на ден __.08.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на простории од објекти на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**
**(по втор јавен повик)**

**Член 1**

Со оваа Одлука на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес им се дава на времено користење простории од недвижен имот во кои ќе ги извршуваат своите активности согласно регистрираната дејност, а врз основа на објавен Јавен повик за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес со бр.25-3538/1 од 08.07.2025 година.

**Член 2**

Простории на времено користење од недвижен имот сопственост на Општина Велес се доделуваат по следниот распоред:

1) Просторија од објект кој се наоѓа на улица „Трајко Панов“ бр. 22, на КП бр. 2405, заведен во ИЛ 23410 за КО Велес, сопственост на Општина Велес:

   - Здружение Центар на активни граѓани „АКТИВО”, Велес, просторија евидентирана како ДП 8 на деловната зграда – објект, со вкупна површина од 9м$^2$;
   - Друштво на родители за грижа за здраво поколение, просторија евидентирана како ДП 2 на деловната зграда – објект, со вкупна површина од 9м$^2$;
   - Здружение кајакарски кану клуб „Вардар“, просторија евидентирана како објект бр. 3, со вкупна површина од 12м$^2$.

2) Просторија од објект на улица „Тодор Јанев“ бр.7 А , на КП бр.6645, заведен во ИЛ 25069 за КО Велес на:

   - Здружение за заштита на човековите права на прогонетите од Егејскиот дел на Македонија „Ѕвезда”, Велес, просторија евидентирана како ДП 1 на деловната зграда – објект, со вкупна површина од 12м$^2$.

3) Просторија од објект на улица „Димитар Влахов“ бр.57, на КП 2831, заведен во ИЛ 29431, за КО Велес на:

- Општинска организација на Сојузот на борците од НОБ на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи, Велес, Просторија на 3 кат, евидентирана како ДП 5 на деловната зграда – објект, со вкупна површина од 11$м^2$ и просторија евидентирана како ДП 6, со површина од 10 $м^2$ .

4) Просторија од објект на улица „Цар Самоил“, бр. 1, на КП 4810, заведен во ИЛ 31419, за КО Велес, сопственост на Општина Велес на:

   - Здружение на граѓани „ПОПИ”, Велес, просторија на кат-1, евидентирана како ДП 10, со вкупна површина од 31$м^2$ ;
   - Здружение за инвалидски пензионери на Општина Велес, простории на приземје евидентирани како ДП 1 и ДП 2, со вкупна површина од 18$м^2$;
   - Еколошка групација „Грин Пауер”, Велес**,** просторија на кат 1, евидентирана како ДП 2, со вкупна површина од 9$м^2$ .

**Член 3**

Просториите утврдени во член 2 на оваа Одлука се даваат на времено користење од 3 години без надоместок. Доколку во објектот каде се користат просториите од здруженијата има заеднички простории (ходници, скали, санитарии, чајна кујна и сл.) должни се истите да ги користат и одржуваат заедно по куќен ред.

**Член 4**

Здруженијата се обврзуваат редовно да ги подмируваат сметките за комунални трошоци (струја, вода и др.) и тековно да го одржува просторот.

**Член 5**

При користењето на просторијата, корисникот не смее да дозволи да има користење на истата од други лица без согласност на сопственикот.

**Член 6**

За временото користење на просторот од објектот утврден во член 2 на оваа Одлука, помеѓу Општина Велес и корисниците на простории ќе се склучат Договори во кои ќе биде опишана просторијата како и правата и обврските помеѓу договорните страни.

**Член 7**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да ги склучи овие договори.

Извештаите на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации се составен дел на оваа Одлука.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На ден 08.07.2025 година е објавен Јавен повик за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес (по втор пат) со арх.бр.25-3538/1 и траеше 10 (десет) дена, односно заклучно со ден 17.07.2025 година.

Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации, на ден 24.07.2025 година одржа седница за отворање на пристигнатите пријави, согласно Јавниот повик на кој имаше вкупно 9 пријави за што е изготвен Извештај со арх.бр. 25-3538/12.

По извршениот увид на просториите од страна на Комисијата, одржана е седница на ден 12.08.2025 година за распределба на простории сопственост на Општина Велес на здруженија, фондации и сојузи за што е изготвен Извештај со арх.бр. 25-3538/14.

Согласно член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24): „Советот: Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 25-3538/12
24.07 2025 год.
ВЕЛЕС

# И З В Е Ш Т А Ј
## од одржана седница на Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации

Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондаци ја одржа седницата на која ги отворија пристигнатите пријави за Јавниот повик со арх.бр.25-3538/1 од 08.07.2025 година за користење на простории во сопственост на Општина Велес.

Пристигнаа вкупно 9 пријави и сите се во предвидениот рок односно јавниот повик беше објавен на 08.07.2025 година и траеше 10 (десет) дена, односно заклучно со 17.07.2025 година.

Комисијата ги разгледа сите пријави и во прилог го доставува следниот:

Список на пријави за доделување на простории
на здруженија, фондации и сојузи

| | **Име на здруженија,фондации и сојузи** | **Доставена документација со пријавата** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Здружение за безбедност на вода и планина „Македонски Спасител“ Велес | Уредна | доделена е просторија по прviот Јавен повик со бр.25-3125/3 од 04.06.2025 година |
| 2 | Здружение Центар на активни граѓани АКТИВО | Уредна | истата просторија УЗ „Димче Мирчев“ |
| 3 | Друштво на родители за грижа за здраво поколение | Уредна | истата просторија УЗ „Димче Мирчев“ |
| 4 | Еколошка групација „Грин Пауер“ | Уредна | истата просторија (Синдикална зграда) |
| 5 | Здружение „Ѕвезда“ | Уредна | УЗ „9-ти Ноември“ |
| 6 | Здружение на кајакарски кану клуб „Вардар“ | Уредна | истата просторија УЗ „Димче Мирчев“ |
| 7 | Здржение на граѓани „Попи“, Велес | Уредна | истата просторија (Синдикална зграда) |
| 8 | Здружение на инвалидски пензионери на Општина Велес | Уредна | истата просторија на ул. Цар Самоил бр.1 (Синдикална зграда) |
| 9 | Општинска организација на Сојузот на борците на Народносолободителната и Антифашистичката војна на Македониа 1941-1945 и граѓаните подржувачи Велес | Уредна | истата просторија во „Вила Зора“, поранешен Пензионерски дом |

Комисијата се договори пред да одлучи за распределба на просториите да направи увид на слободните простории и потоа повторно да се состанат за да можат да изработат предлози и да ги доставаат до Советот на Општина Велес.

Претседател на Комисија
за распределба на простории сопственост
на Општина Велес на невладини организации,
здруженија на граѓани и фондации
Коста Нојков с.р

Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
бр. 25-3538/14
12.08.2025 година
Велес

Комисијата за распределба на простории во сопственост на Општина Велес на здруженија,фондации и сојузи на Општина Велес, ја одржа својата седница 12.08.2025 година, со почеток во 11:00 часот, во електронската сала на Општина Велес.

На седницата присуствуваа претседателот Коста Нојков и членовите: Игор Стојанов, Ружица Петрушевска Николовска и Надица Габерова.

Со седницата раководеше претседателот на комисијата, Коста Нојков.

На седницата беше предложен следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Распределба на простории по пристигнати пријави по Јавен повик за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес со бр.25-3538/1 од 08.07.2025 година.

Вака предложениот дневен ред беше ставен на гласање и со 4 гласа „за“ истиот се усвои.

## ИЗВЕШТАЈ

1.По извршен увид во просториите, сопственост на Општина Велес кои ќе се користат од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес, се премина кон разгледување на точката на дневен ред, Распределба на простории по пристигнати пријави по Јавен повик за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес со бр. 25-3538/1 од 08.07.2025 година. Потоа се премина кон гласање и членовите на Комисијата со 4 гласа „за“ му предлагаат на Советот да ја донесе вака предложената Одлука со која се врши следната распределба на простории и тоа:

1) Просторија од објект кој се наоѓа на улица „Трајко Панов“ бр. 22, на КП бр. 2405, заведен во ИЛ 23410 за КО Велес, сопственост на Општина Велес:

- Здружение Центар на активни граѓани „АКТИВО”, Велес, просторија евидентирана како ДП 8 на деловната зграда – објект, со вкупна површина од 9м²;
- Друштво на родители за грижа за здраво поколение, просторија евидентирана како ДП 2 на деловната зграда – објект, со вкупна површина од 9м²;
- Здружение на кајакарски кану клуб „Вардар“, просторија евидентирана како објект бр. 3, со вкупна површина од 12м².

2) Просторија од објект на улица „Тодор Јанев“ бр.7 А , на КП бр.6645, заведен во ИЛ 25069 за КО Велес на:

- Здружение за заштита на човековите права на прогонетите од Егејскиот дел на Македонија „Ѕвезда“, Велес, просторија евидентирана како ДП 1 на деловната зграда – објект, со вкупна површина од 12м².

3) Просторија од објект на улица „Димитар Влахов“ бр.57, на КП 2831, заведен во ИЛ 29431, за КО Велес на:

- Општинска организација на Сојузот на борците од НОБ на Македонија 1941-1945 и граѓаните продолжувачи, Велес, Просторија на 3 кат, евидентирана како ДП 5 на

деловната зграда – објект, со вкупна површина од 11м$^2$ и просторија евидентирана како ДП 6, со површина од 10 м$^2$ .

4) Просторија од објект на улица „Цар Самоил“, бр. 1, на КП 4810, заведен во ИЛ 31419, за КО Велес, сопственост на Општина Велес на:

- Здружение на граѓани „ПОПИ”, Велес, просторија на кат-1, евидентирана како ДП 10, со вкупна површина од 31м² ;
- Здружение за инвалидски пензионери на Општина Велес, просторија на приземје евидентирана како ДП 1 и ДП 2, со вкупна површина од 18м²;
- Еколошка групација „Грин Пауер“, Велес, просторија на кат 1, евидентирана како ДП 2, со вкупна површина од 9м$^2$ .

Претседател
на Комисијата за распределба на
простории во сопственост на Општина Велес на
здруженија,фондации и сојузи на Општина Велес
Коста Нојков с.р.